Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 - 39/6
17-02- 2022 Година

# ОДЛУКА

за отфрлање на претставка како неуредна

На 20.01.2022 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од страна на [redacted] е доставена неуредна претставка односно претставка во која подносителот нема доставено документ за поднесок до некој орган кој би можел да биде потенцијален дискриминатор.

Согласно чл. 24 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020 од 30.10.2020) претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, **податоци за лицето против кого се поднесува претставката**, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот. Доколку претставката не ги содржи овие елементи или е нејасна, Комисијата ќе го задолжи подносителот да ја доуреди во рок од осум дена од денот на приемот на претставката.

На 26.01.2022 од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација [redacted] беше доставено Барање за доуредување на претставката заверено со архивски број 08-39/3, за кое што Комисијата во законски предвидениот рок не доби одговор.

На ден 28.01.2022 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација достави известување до ЈУ Меѓуопштински Центар за Социјални работи на град Скопје – центар за социјални работи Гази Баба, месно надлежен орган за населба Сингелиќ од каде во законски рок не пристигна одговор до архивите на КСЗД.

На ден 15.02.2022 година, известителот по предметот и член на КСЗД Лимко Бејзароски изврши ненајавен и непосреден увид во документацијата на Центарот за Социјални работи во Гази Баба од каде беше уверен дека поднесок на име [redacted] не евидентира во нивните архиви.

Со оглед на тоа дека во предметната претставка нема документ за евидентиран поднесок до надлежен орган кој би бил потенцијалниот дискриминатор од страна на подносителот во претставката, **Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи да ја отфрли оваа претставка како неуредна.**

Скопје
15.02.2022

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Кире Василев

Доставено до:

1. Халиме Шабани Ул. 15 број 12 Скопје,
2. Архива на КСЗД